**Бр. 349**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување и именување член во Локален Совет за превенција од детско престапништво**

Се објавува Решението за разрешување и именување член во Локален Совет за превенција од детско престапништво, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 06.12.2019 година.

Број 08-4850/5
11.12.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко претстапништво на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.03/12),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес**

1.Од член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес се разрешува:

-Габриела Јаневска Гиовска

2.За член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес се именува:

-Маре Амбаркова – преставник од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4830/7
10.12.2019 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ненад Коциќ с.р

**Бр. 350**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување и именување членови на Локалната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување членови на Локалната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 06.12.2019 година.

Број 08-4850/6
11.12.2019 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 22 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19) и член 108 и 109 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), а согласно донесената Одлука за формирање на Локална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 9/16).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 22, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.03/12 и 03/14)

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден__03.2025 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на член на Општинскиот совет**
**за превенција од детско претстапништво**
**на Општина Велес**

1.Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес и тоа:

- Маре Амбаркова, претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Велес.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На седница одржана на ден 29.02.2012 година, Советот на Општина Велес донесе Одлука за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес бр.07-1280/6 од 01.03.2012 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.03/12).

Со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престпаништво на Општина Велес на Советот на Општина Велес бр. 07-2426/4 од 14.03.2014 година терминот **од малолетничко** се заменува со **детско** („Службен гласник на Општина Велес“ бр.03/14).

Мандатот на членовите е 5 (пет) години, со право на повторен избор. Членовите на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес, на својата прва седница избираат претседател, кој ќе го претставува Општинскиот совет.

Со Решение за разрешување и именување на член на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес бр. 25-4830/7 од 10.12.2019 година се рарешува Габриела Јаневска Гиовска а се именува Маре Амбаркова – претставник од ЈУ Меѓопштински центар за социјална работа Велес.

Во контекст на гореизнесеното, поради истечен пет годишниот мандат на член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес, се предлага ова Решение до Советот.